# Процедура за собирање, обработка, објавување и чување на фотографии, видеа и лични податоци на учениците кои се објавуваат на интернет на Општинско основно училиште Христијан Карпош Куманово

Согласно член 23 од Закон за Заштита на лични податоци ( Службен весник на РМ бр. 7/05,103/08,124/10,135/11, 43/14,153/15, и 99/16) Наставничкиот совет на ООУ Христијан Карпош Куманово на својот состанок одржан на 18.09.2018 година донесе:

**Процедура**

За процесот на собирање, обработка и чување на личните податоци на децата кои ќе се објавуваат на Интернет

OOU Hristijan Karposh

**Член 1**

Сите активности во училиштето-наставни и воннаставни се документираат во вид на извештај како пишан документ и со фотографии и видеа

**Член 2**

За сите вонанставни активности и проекти во кои учествуваат ученици се информираат родителите/старателите на родителски состаноци и се бара писмена согласност од родителот на образец за таа цел

**Член 3**

За фотографирање и снимање на учениците во активностите се информираат родителите/старателите на родителски состаноци и се бара писмена согласност од родителите на образец за таа цел

**Член 4**

За објавување на фотографиите или видеата од активностите на учениците во печат или на Интернет се информираат родителите/старателите на родителски состаноци и се бара писмена согласност од родителите на образец за таа цел

**Член 5**

Во училиштето е назначен тим/администратор за ажурирање на Веб сајтот на училиштето и на Фејсбук страната на училиштето кој има задача да ги превземе сите технички и организациони мерки кои ќе се применуваат при собирањето, обработка и чување на личните податоци на децата

**Член 5**

На веб сајтот и фејсбук страната можат да се објавуваат само фотографии од изработки од активностите, ентериерот во кој се работи и информации кои не содржат лични податоци за учениците

**Член6**

Наставниците не смеат да објавуваат фотографии, видеа од ученици и слично на свои лични профили на социјалните мрежи

**Член 7**

Не смеат да се објавуваат фотографии, видеа или други материјали од училиштето за други ( политички, верски, пропагандни и сл) освен за образовни цели ( прикажување на добри образовни практики, унапредување на наставниот процес и сл.) и тоа само на одобрени линкови од МОН

OOU Hristijan Karposh

**Член 8**

Тимот/администраторот за ажурирање на податоци на веб страната и фејсбук страната на училиштето веднаш да ги тргне од овие страници сите информации за учениците кои би можеле да доведат до незаконско користење и злоупотреба и било кое друго загрозување на личноста на учениците

**Член 9**

Технички и организациони мерки кои ќе се применуваат при собирањето, обработка и чување на личните податоци на децата се според одребите на Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/09 и 158/10)

**Член 10**

Тимот/администраторот за ажурирање на податоци на веб страната и фејсбук страната на училиштето се задолжуваат да организираат едукативни работилници со ученици, наставници и родители за заштита на децата на интернет и да ги запознаат со опасностите кои демнеат на интернет и да ги усмерат на правилно користење на интернет.